**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ЗА ОБЛАСТ МЕТОДИКА И ОБРАЗОВАНИЕ НА НАСТАВНИЦИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1602-287/4 од 17.11.2015 година донесена на 86. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 17.11.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања за област *методика и образование на наставници* на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 4.11.2015 година и во предвидениот рок се пријавија:

– м-р Оливера Атанасова;
– д-р Ирена Китанова, асистент.

Врз основа на приложената документација од кандидатките, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки-Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

1. **М-р Оливера Атанасова**

***Биографски податоци***

**М-р Оливера Атанасова** е родена на 27.6.1964 година во Кочани. Дипломира на Педагошкиот факулет во Риека во 1991 година и се стекнува со звање дипломиран професор по ликовна култура. Во 1999 година се запишува на магистерски студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Софија (Бугарија) и во 2001 година се стекнува со звањето магистер по методика на ликовното образование. Има работно искуство како професор по ликовна уметност: од 1988 до 1993 работи во Гимназијата СОУ „Љупчо Сантов“ – Кочани, а од 1988 година до денес – во Средно стручно училиште СОУ „Гошо Викентиев“ - Кочани.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

Кандидатката м-р Оливера Атанасова:

1. Нема доставено диплома за завршени докторски студии и стекнато звање доктор на науки од соодветната научна област;
2. Нема податоци за остварен просечен успех на прв циклус студии, а просечниот успех на втор циклус студии е 6 (одличен 6);
3. Нема доставено податоци за објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации.

Оттука, Комисијата заклучува дека кандидатката м-р Оливера Атанасова не ги исполнува условите за избор на наставник во високообразовна институција, пропишани со Законот за високо образование.

2. **Д-р Ирена Китанова**

***Биографски податоци***

**Д-р Ирена Китанова** е родена на 29.9.1981 год. во Штип. Основно и средно образование (гимназија) завршува во родното место. Во 2000 година се запишува на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ во Штип при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“- Скопје и дипломира во 2004 година на Отсекот за одделенска настава како најдобар студент на

генерацијата со просек 9,71. Уште од прва година покажува интерес кон практиката и како резултат на тоа е вклучена во проектот „Со читање и пишување до критичко мислење". Во 2002 година преку проектот „Партнерство и демократија во образованието" чиј носител е Педагошкиот факултет во Битола, а Педагошкиот факултет во Штип е партнер, реализира тримесечен студиски престој (од 13 август до 8 ноември 2002 год) во Малме, Шведска. Во рамките на престојот се стекнува со сертификат за обучен наставник во Мултикултурното образование и сертификат за завршен почетен курс по шведски јазик.

Магистерски студии завршува со просечен успех од 9,4. На 5.2.2009 година магистрира на тема „Комплексната постапка за усвојување на буква во почетното читање и пишување и нејзино унапредување" на Педагошкиот факултет во Битола и со тоа се стекнува со звање магистер по педагогија во областа на методиките.

Докторски студии завршува на Универзитетот „Св. Климент Охридски", Педагошки факултет - Битола со просечен успех од 8,66, а на 26.8.2015 год. успешно ја брани докторската дисертација на тема „Детерминанти на активното слушање и нивните импликации во воспитно-образовниот процес".

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент***

Кандидатката д-р Ирена Китанова има доставено:

1. Диплома за завршени докторски студии и стекнато звање доктор на науки од соодветната научна област (доктор на образовни науки);
2. Остварен просечен успех од 9,7 за студиите на прв циклус и 9,4 за студиите на втор циклус;
3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации;

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Kitanova, Irena** | Classroom with E-Learning for Gifted Children | The VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education, Универзитет “Св.Климент Охридски“, Охрид, ISBN 978-9989-823-33-6 | 2011 |
| 2 | **Китанова Ирена** | Спецификите на комплексната постапка за обработка на буква | Зборник на научни трудови, Четврта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток-Запад“, Мешународен славјански универзитет „Г.Р.Државин“, Свети Николе, Макеоднија, ISBN 978-608-4689-04-1 | 2013 |
| 3 | **Kitanova, Irena** | Analysis (interpretation) of a text in class teaching | 2th International Conference “Education across borders, Critical thinking in education”, 31-1 Noveber, Korce, Albany, ISBN (print) 9789928146274 | 2014 |
| 4. | **Kitanova, Irena** | Story interpretation and its influence to child in early school | Fifth International Conference: Knowledge Capital of the Future, 22-25, May, Bansko, Bulgaria, 2015. ISSN 1857-92 | 2015 |
| 5. | Emilija Petrova Gorgeva, Snezana Mirascieva, Snezana Stavreva Veselinovska, **Kitanova, Irena** | Management process subject to constant change | Fifth International Conference: Knowledge Capital of the Future, 22-25, May, Bansko, Bulgaria, 2015. ISSN 1857-92 | 2015 |

4. Препораки од двајца професори (редовен, вонреден) од соодветната област;
5. Позитивна оценка од самоевалуацијата;
6. Рецензирана скрипта и рецензиран практикум од соодветната научна област, објавени во е-библиотека, во коавторство со проф. д-р Блаже Китанов.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

На Педагошкиот факултет во Штип, д-р Ирена Китанова се вработува во 2004 година како помлад асистент (Билтен бр. 858, од 1 октомври 2004 год., Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје) на предметите: Методика на наставата по македонски јазик, Историја на педагошките идеи (на Отсекот за одделенска настава и на Отсекот за предучилишно воспитување), Педагошка практика на Отсекот за одделенска настава и Методика на надарени деца.

Со Одлука бр. 0402-176/51 од 15.1.2008 год. на Наставно-научниот совет при Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“ Штип повторно е избрана во помлад асистент по предметите: Методика на наставата по македонски јазик, Историја на педагошките идеи, Педагошка практика на Отсекот за одделенска настава, Семејна педагогија на Отсекот за одделенска настава (изборен предмет).

Со Одлука бр.2102-62/4 на 14.9.2009 г. е избрана во звање асистент по следните предмети: Методика на наставата по македонски јазик, Методика на воспитната работа на Одделот за одделенска настава, Историја на педагошките идеи, Педагошка практика на Отсекот за одделенска настава.

Во 2013 година е повторно избрана за асистент на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип со Одлука бр. 2102-187/10 од 17.6.2013 г.

Со Одлука од 25.6.2009 год. е ангажирана како член на комисија за уписи на прв циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Со Одлука бр. 2102-338/20 од 9.12.2014 г. е член на Организациониот одбор за Меѓународната конференција по повод 20 години Педагошки факултет/Факултет за образовни науки.

Д-р Ирена Китанова редовно учествува на меѓународни научни и стручни конференции со свои трудови, активна е и на домашните конференции и семинари кои се случуваат на полето на образованието. Објавува свои трудови и во домашни, но и во интернационални списанија.

**I Научноистражувачки трудови објавени во меѓународни научни списанија и меѓународни научни публикации**

1. **Kitanova, I. (2011)**. Classroom with E-Learning for Gifted Children, *The VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education*, Педагошки факултет „Св.Климент Охридски“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, стр. 627-629, ISBN 978-9989-823-33-6.

   Евалуација: Работата со надарени деца во Македонија има голема предности, но и недостатоци. Поради овие причини авторката посветила труд во кој предложува форма на работа наменета за надарените деца во одделенската настава. Во трудот се наведени реалните состојби на надарените деца и нивното откривање во одделението. Во некои области работата со надарени деца е речиси неприспособена на нивните потреби и затоа е потребно да се има познавање на некои од фазите за препознавање на надарените деца (идентификација, набљудување, охрабрување, како и професионален понатамошен напредок на тие деца). Авторката ја нуди формата за е-училница во која ќе се стави акцент на е-учењето, каде што преку приспособување на одредени содржини во наставната програма, надарените ученици ќе можат да ги збогатат своите знаења од најразлични области. Трудот има значење поради актуелните заложби на нашето општество за интеграција на ИКТ во наставата, како и поради зголемената потреба од научно-стручна активност на ове поле.

2. **Китанова, И. (2013).** Спецификите на комплексната постапка за обработка на буква, *Зборник на научни трудови, Четврта меѓународна научна конференција „Меѓународен дијалог: Исток-Запад“*, Меѓународен славјански универзитет „Г.Р.Державин“, Свети Николе, Македонија, ISBN 978-608-4689-04-1.

Евалуација: Во овој труд, авторката детално ја елаборира комплексната постапка за описменување како метод којшто, иако не е нов, е релативно непознат за наставниците.

3. **Kitanova, I. (2014).** Analysis (interpretation) of a text in class teaching, *2th International Conference "Education across borders, Critical thinking in education",* 31-1 Noveber, Korce, Albany, ISBN (print) 9789928146274.

Евалуација: Во овој текст авторката зборува за анализата на литературното дело во одделенската настава истакнувајќи дека кога се започнува со анализа на литературно дело голема улога играат психолошките, менталните и интелектуалните способности на учениците. Токму од овие причини е потребно ваквата анализа да се приспособи на возраста на ученикот, така што во прво одделение анализата е поедноставена и се базира на презентирање на слики и фотографии со голема колоритност, поради високиот степен на визуелно восприемање од страна на учениците на оваа возраст. Во повисоките одделенија, при анализата ученикот се поттикнува на критичко размислување. Затоа, според авторката, не може да се применува еден стандарден модел кој би можел да се приспособи за различна возраст, туку се потребни повеќе модели кои ќе бидат соодветни за возраста на ученикот.

4. **Kitanova, I. (2015).** Story interpretation and its influence to child in early school, *International Journal "Knowledge"*, Institute of Knowledge management, Skopje, ISSN 1857-92.

Евалуација: Авторката, во овој труд, зборува за вредностите и предностите на сказните како дел од наставната програма по македонски јазик, но и како прво четиво со кое детето се запознава уште пред да започне неговото формално образование. Преку соодветна интерпретација на сказната во одделенската настава и преку соодветна анализа на постапките на ликовите кои се носители на дејството во сказната учениците можат да научат за различните вредносни ориентации, односно за љубовта кон семејството, за почитувањето, за добродетелта, за храброста, за трпеливоста. Овој труд придонесува за развој на наставничкиот профил затоа што елаборира проблематика којашто е од исклучителна важност за наставникот од одделенската настава.

5. Petrova Gorgeva, E., Mirascieva, S., Stavreva Veselinovska, S., and **Kitanova, I. (2015).** Menagament process subject to contant change, *International Journal "Knowledge", Institute of Knowledge management*, Skopje, ISSN 1857-92.

Евалуација: Трудот зборува за една доста актуелна тема за менаџирањето на институциите, односно за карактеристиките на добриот менаџер. Авторите се повикуваат на релевантни истражувачи и авторите од областа на менаџментот при терминолошкото определување на поимот менаџмент, а потоа и поимот менаџмент во образование, како и при дефинирањето на основните елементи на управувањето. Тие истакнуваат дека управувањето во денешниот модерен свет бара мудро и правилно користење на моќта, но и одговорност што треба да се преземе со управувањето на таа моќ.

**II Останати објавени научно-стручни трудови:**

**А) Објавени трудови во периодот 2002-2010:**

6. **Стојанова, И. (2002).** Извештај од студискиот престој во Малме, Шведска, *Воспитание: списание за теорија и практика*, Педагошки факултет, год. 2, бр. 3, Штип.
7. **Stojanova,** I., Kitanov, B. **(2004).** Portfolio-model za uciliste bez slabi ucenici, *Naucna konferencija "Skola bez slabih ucenika"*, Učiteljski fakultet, Pula, str.167. UDK: 37.013.77.
8. **Stojanova, I. (2004).** Multicultural conseling in school, *Втор меѓународен балкански конгрес „Перфектност во образованието*", Зборник на Тракиски универзитет, Педагошки факултет, 8-10 октомври, Едрене, Турција. Стр. 41.
9. **Стојанова, И. (2004).** Мултикултурната димензија на националниот наставен план, *Воспитание списание за теорија и практика*, Педагошки факултет, год 3, бр. 4-5, Штип.
10. **Китанова, И. (2005).** Басната во одделенска настава, *Воспитание списание за теорија и практика*, Педагошки факултет, год. 4, бр. 6-7, Штип.
11. **Kitanova, I. (2007).** Motivation factors into achieving the school success, *Годишен том „Европа како културно пространство"*, Југозападен Универзитет „Неофит Рилски", Благоевград, Бугарија.

12. Kitanov, B., **Kitanova I. (2007).** Educational system in Macedonia, Меѓународна научно-практична конференција „Традиции и иновации во основното образование", Московски педагошки косударски универзитет, 7-9 ноември, Москва, Русија.
13. **Kitanova, I. (2008).** Students tandem (pairwork) as a modern form in teaching, *IV International Scientific Conference "Contemporary intentions in education"*, June, Ohrid. ISNB 978-9989-823-26-8.
14. **Ирена К. (2009).** Комплексната постапка за обработка на буква во почетното читање и пишување, *Воспитни крстопати*, година 14, број 31, Скопје. ISSN 1409-5963.
15. **Китанова, И. (2009).** The problem of story interpretation and its influence of child in early childhood - *Мегународно научна практична конференција „Словенската култура"*,12-14 Мај, Москва, Русија.
16. Петрова Ѓоргева, Е., **Ирена Китанова, И. (2009).** Moral education need or challenge, *Петти мегународен конгрес за образование и наука на Балканот*, 1-30 октомври, Едрене, Турција (во печат).
17. **Kitanova, I. (2009).** Блумова таксономија на воспитно-образовните цели. *Воспитание - Списание за теорија и практика* (10). pp. 129-133. ISSN 2009.
18. Stavreva Veselinovska, S., **Kitanova, I.** and Kitanov, V. **(2009).** Smart learning with smart board. *Naucni skup - "Obrazovanie i usovrsavanje nastavnika"*. pp. 278-294, УДК 371:004, Ужице, Србија.
19. **Kitanova, I. (2009).** Structure of the didactic material used in the complex procedure for teaching letters, *Научна конференција со меѓународно значење,* стр. 207, 25-27 ноември, Бургас, Бугарија.
20. Петрова Ѓорѓева, Е. и **Китанова, И. (2009).** Родителските улоги и социјалниот развој на надарените ученици, *Прва интернационална конференција „Надарените и талентираните креатори на прогресот (теорија и практика)*, стр. 225, том прв, 16-17 октомври, Охрид, Македонија.
21. **Китанова**, **И.** и Петрова Ѓорѓева, Е. **(2009).** Структурата на дидактичкиот материјал при комплексната постапка за обработка на буква како метод кај надарените деца, *Прва интернационална конференција „Надарените и талентираните креатори на прогресот (теорија и практика)*, стр. 426, том втор, 16-17 октомври, Охрид, Македонија.

*Претходните трудови се рецензирани во билтените на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, во рамките на претходните избори во звања помлад асистент и асистент.*

**Б) Трудови што се објавени во периодот 2010-2015 г.:**

22. **Kitanova, I. (2010).** Комплексната постапка за обработка на буква како креативност во образовниот развој. *Зборник на апстракти - Петти научен собир „Образование за хумано општество",* 28-29 мај, Охрид, Македонија.

Евалуација: Во овој труд авторката дава подетален преглед на комплексната постапка, но во функција на образовниот развој на ученикот. Презентирајќи ја ваквата постапка авторката покажува начини на многу поактивно сфаќање и изучување на буквите на малку поинаков начин од вообичаениот, каде што ученикот е поактивен, а сето тоа влијае на неговиот креативен развој. Се прикажува и креативноста на наставникот, неговата спонтаност во воспитно-образовниот процес преку обработка на буква на ваков начин.

23. **Kitanova, I.** and Petrova Gjorgieva, E. **(2010).** Motivation for achieving succes in school. *Зборник со научни студии и статии - Современото образование, мисии и визии, Југозападен универзитет „Неофит Рилски"*, pp. 254-256, Благоевград, Бугарија.

Евалуација: Во овој научен труд авторите ги претставуваат начините на мотивирање на учениците за постигнување на успех во училиштето. Во трудот се опфатени и споменати неколку причини кои би можеле да влијаат на неуспехот на учениците, а во продолжение се образложени начините на кои наставникот треба да му пријде на ученикот за да го мотивира за да се постигнат позитивни резултати и за двете страни.

24. Kitanov, B. and **Kitanova, I. (2010)**. Prostumot Kole Casule against Bulgarian stony vision, *Воспитание - Списание за образовна теорија и практика* (11). pp. 17-25, УДК:37.016:003-028.31.

Евалуација: Авторите во овој труд даваат критички осврт кон литературното творештво на Коле Чашуле, кој е еден од попознатите македонски автори во периодот на бугарската офанзива врз Македонија. Во овој труд станува збор за драмското и прозното творештво на Коле Чашуле во кое доминира една основна специфика и идеја-идентификација на етичките состојби и упорот да се живее втор и подобар живот и истиот да се инкарнира во другиот. Овие компоненти кои се развиваат и доразвиваат од првите прозни и романски творби, присутни и во романот „Премрежје" кој претставува и предмет на разгледување и интерпретација на овој труд.

25. **Китанова И. (2010/2011).** Компоненти на изразното читање, *Воспитание - Списание за образовна теорија и практика* (11). pp. 137, УДК:37.016:003-028.31.

Евалуација: Во овој труд авторката ги образложува компонентите на изразното читање, укажувајќи на фактот дека читањето претставува вештина која е неопходна за опстанокот на човекот во современиот свет. Ваквата вештина не е последица на биолошкиот, туку на културниот развој на човекот, истакнува авторот. Токму од тие причини, совладувањето на читањето е најважната задача на учениците во школувањето, а тоа им отвора патишта за понатамошните различни учења. Авторката ги наведува главните задачи на наставата по читање во одделенска настава и тоа совладување на техниката на читање, правилно и течно читање, совладување на техниката на гласното и тивкото читање, воведување на учениците во изразното читање како и многу други.

26. **Китанова И. (2011).** Етичко-естетските сегменти во букварот на Јосиф Ковачев", Годишен зборник, Институт за историја и археологија, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Год 2, ISSN: 1857-7342.

Евалуација: Во овој труд кандидатот зборува за сегменти од историјата на педагошките идеи каде што фокусот е ставен на првиот буквар на Јосиф Ковачев, неговото значење за македонското воспитание и образование, но и за сегментите кои и денес практично се употребуваат како модифицирана форма на работа во современата настава. Се прави преглед на развојот на образованието во периодот на творештвото на Јосиф Ковачев, како и содржината на Букварот со посебен осврт на спецификите кои претставуваат темел на образованието во областа на мајчиниот јазик.

27. **Kitanova, I. (2013)**. Васпитно дејство бајке код деце предшколког и школског узраста. *Књижевност за децу и њена улога у васпитању и обрзаовању деце школског узраста: тематски зборник*. pp. 389-392, Vranje, Srbija

Евалуација: Во овој труд авторката зборува за бајката како една од предвидените наставни содржини во македонскиот јазик, како во одделенска така и во предучилишната настава. Бајката претставува текст во кој се предадени ликови преку кои авторите најчесто ги прикажуваат позитивните или негативните работи на една личност, сакајќи притоа да им посочат на учениците како е потребно правилно да се однесуваат, а како неправилно. Сето ова авторот детаљно го образложил за да укаже на тоа дека бајките имаат, пред сè, и воспитно дејство кај учениците што најчесто се постигнува преку пораките и поуките кои се извлекуваат како заклучок на анализираната бајка.

28. **Kitanova I. (2013).** Understanding of what is read and communicating with a text in class teaching, *Научна конференција „Социо-културни проблеми и современи предизвици"*, Филозофски факултет, Државен универзитет во Тетово, 18-19 октомври.

Евалуација: Авторката во овој труд зборува за начинот на разбирање на прочитаното од страна на учениците. Процесот на одење на училиште започнува со изучување на буквите и нивното препознавање во зборови и реченици. На овој начин, напоменува авторот, се започнува процесот на почетното читање. Ваквиот процес е само почеток на она што всушност би преставувало темел на наставата по македонски јазик, а тоа е да се научи ученикот да го разбира прочитаното. За да се достигне ова ниво потребно е многу работа и вежбање на читањето. Потребата од ова, авторката ја гледа во тоа што доколку ученикот го разбира прочитаното, всушност го започнува процесот на учење, а воедно и процесот на комуникација како суштински елемент во секојдневниот живот. Во зависност од тоа колку еден текст ќе им биде интересен на учениците зависи и како истиот ќе биде разбран. Во оваа директна комуникација, клучна улога има наставникот кој треба да пронајде соодветен начин на презентирање на содржината на учениците.

29. **Kitanova, I. (2013).** Physiological bases of reading, *International Journal "Teacher"*, University "St. Kliment Ohridski", Bitola, ISSN 1857-8888.

Евалуација: Во овој труд се елаборираат психолингвистичките основи на читањето. Оттука, читањето како феномен се претставува како сложена активност во којашто се вклучени повеќе процеси кои се реализираат во повеќе насоки. Поврзаноста на ораганот за вид со мозокот има клучна улога при читањето, бидејќи целта на читатачот е да го разбере текстот што го чита. Авторката се повикува на веќе направени студии според кои за време на читањето очите прават скокови и се фокусираат во таканаречени точки на фиксација. Всушност, вистинското читање се случува тогаш кога окото мирува, т.е. при фиксацијата. На крајот, презентираните сознанија се разгледуваат во светло на методиката на наставата по македонски јазик, односно се свртува вниманието кон прашањето: кога е најдобро детето да започне да се описменува? – како прашање кое постојано се става на преиспитување во развивањето на научната мисла.

30. **Kitanova, I. (2014).** Understanding of what is read and communicate with a text in class teaching, *International Journal of Social and Human Sciences "Philosophica"*, State University of Tetovo, ISSN 1857-8454 (PRINT)

Евалуација: Во текстот е истакната значајноста на читањето со разбирање во наставата по македонски јазик, но и во наставата по другите наставни предмети. Се прави разлика меѓу поимањето на *разбирање* и *сфаќање*. Исто така, се посочуваат и основните фактори од кои зависи разбирањето при комуникацијата со текстот. Авторката ги набројува различните видови на комуникација со текст, а особено се задржува на хоризонаталната (синхроничната) и верикалната (дијахроничната) комуникација со текстот. Текстот претставува значаен придонес во методиката на наставата по македонски јазик, затоа што со него се елаборира проблематика којашто директно е поврзана со почетното описменување и со читањето со разбирање.

31. **Kitanova, I. (2014).** Written expression represented by retelling a fairy, *International Journal "Teacher",* University "St. Kliment Ohridski", Bitola, ISSN 1857-8888.

Евалуација: Начинот на кој писмено или усно се изразуваме зависи од процесот на мислење, смета авторката. Писменото изразување е поапстрактно во споредба со усното изразување. Затоа авторот истакнува дека усното изразување еден вид на подготовка за писмено изразување. Овие два вида на изразување се меѓусебно поврзани. Наставникот има клучна улога во развојот на усното и писменото изразување на учениците. Раскажувањето на сказна е еден начин за пристапување кон овие наставни цели. Авторката предложува еден флексибилен методички пристап кон раскажувањето којшто вклучува разбирање на сказните, анализа и раскажување преку соодветни прашања и насоки кои се базираат на Проповите функции, што зборува за тоа дека авторката направила успешен спој на теоријата на книжевноста со методиката.

32. **Kitanova, I. (2015).** Learning reading in the lower grades, *International Journal "Teacher",* University "St. Kliment Ohridski", Bitola, ISSN 1857-8888.

Евалуација: Процесот на изучување на буквите и нивното препознавање како подготовка за читањето е еден од најголемите предизвици на наставниците. Предучилишното воспитание треба да ги воведе воспитаниците во почетното описменување, за потоа во почетните оддленија од одделенската настава да се започне со процесот на почетно описменување. Подготовката за почетно читање и пишување, според авторката, треба да започне со нешто што им е познато на учениците, како на пример, букви, звуци, слики, фотографии. Затоа е потребно паралелно во процесот на изучување на читањето да има и визуелни перцепции. Овој прегледен труд придонесува во развојот на Методиката по почетно читање и пишување, затоа што вклучува релевантни истражувања од областа.

33. **Kitanova, I. (2015).** Methodical structure of a lesson for interpretation of a fairytale, *International scientific conference "Education in XXI century-conditions an perspectives"*, Faculty of educational science, University "Goce Delcev", Stip, 24-25 Septembar, ISBN:978-608-244-238-9 (во печат).

34. Kitanov, B., and **Kitanova, I. (2015).** Interpretation of a lyric poem in IV and V grade, *International scientific conference "Education in XXI century-conditions an perspectives"*, Faculty of educational science, University "Goce Delcev", Stip, 24-25 Septembar, ISBN:978-608-244-238-9 (во печат).

35. **Kitanova, I. (2015).** Content interpretation of text in class teaching, *10th International Balkan Congress on Education and Science "Education and globalization",* 17-19 September, Ohrid, ISBN 978-9989-823-49-7 (во печат).

Со Одлука бр. 2102-338/20 од 9.12.2014 г. е член на Организациониот одбор за Меѓународната конференција по повод 20 години Педагошки факултет/Факултет за образовни науки.

Од горенаведеното може да се заклучи дека кандидатката д-р Ирена Китанова активно учествува на меѓународни научни конференции со свои трудови кои потоа се објавени во соодветни научни публикации. Таа, исто така, објавува научни трудови и во меѓународни и домашни списанија и со тоа придонесува за развој на научната дисциплина на којашто припаѓаат трудовите.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Ирена Китанова учествува и на работилници и на домашни и меѓународни конференции:

1. Second Balkan Congress "Perfection in Education", 7-10 Oct.2004, Odrin, Turkey.
2. Certificate of attendance "Eten annual conference", 8-13 Fevr. 2005, Ohrid, Macedonia
3. Certificate of presentation "3 th international Balkan scientific congress Intercultural in educational process" , 22-24 Sep. 2005, Stip, Macedonia
4. Certificate of achievement in "Teachers an young learners workshop", Geoge Mason University, 25 Janu. 2006. Tetovo, Macedonia.
5. Certificate for Teaching traning program in London international study centre, London, United Kingdom, 25.11.2005.
6. Certificate for successful completed a course on "Trainig for Teaching in multicultural institution" September-Novembar, 2002, Malmo University, Sweden.
7. Сертификат за учество на Меѓународната научно-практична конференција "Словенската култура:исток, традиции, заедништво", 12-14 Мај, 2009, Москва, Русија.
8. Sertificate for Successfully complited seminar "Strengthening capacity to work in a Multi-Ethnic society for professionals in education and social services", 2-6 Dec. 2009, Ohrid, Macedonia.
9. Certificate for attending project "Strengthening capacity to work in a Multi-Ethnic society for professionals in education and social services", from Decembar 2009 to April 2010, OSCE, Skopje.
10. Сертификат за учество на Практичната меѓународна конференција „Предучилишното детство и одговорностите на современото општество", 25-27 ноември 2009, Бургас, Бугарија.
11. Сертификат за учество на Интернационалната конференција „Надарените и талентираните креатори на прогресот", 16-17 октомври 2009, Охрид, Македонија.
12. Сертификат за учество на Меѓународен научен собир „Образование и усовршување на наставникот", 13 ноември 2009, Ужице, Србија.
13. Certificate for attending IV International Scientific Conference "Contemporary intentions in education", 13-15 Jun, 2008, Ohrid, Macedonia.
14. Certificate for attending V International Scientific Conference "Education for a human society", 28-29, May, 2010, Ohrid, Macedonia.
15. Сертификат за учество на Меѓународната јубилејна научна конференција „Современото образование-мисија и визии", 3-4 декември 2010, Благоевврград, Бугарија.
16. Сертификат за учество на обука за инклузивно образование, спроведена од Меѓународни консултанти на EENET, UNICEF, 23-25 август, Скопје, Македонија.
17. Certificate for participation in the workshop "Theatre as tool for conflict analysis including Forum theatre techniques", Forum ZFD, 12-13 Feb. 2011, Skopje.
18. Certificate for participated in the conference "Social skills responsibilities of teachers and professional staff in a multi-ethnic education system", 16-18, Dec. 2011, Strumica, Macedonia.

19. Certificate for participated in the conference on “School Mediation”, Forum ZFD, 10 December, 2012 Skopje, Macedonia.
20. Сертификат за учество на научен собир „Книжевноста за деца и нејзината улога во воспитувањето и образованието на децата од школска возраст“, Учителски факултет, 23.11.2012, Врање, Србија.
21. Certificate for participated in the International youth conference “European values for the future of southeastern European countries”, 21-25 Sep. 2012 Krusevo, Macedonia.
22. Certificate for participated in the conference on “School Mediation”, Forum ZFD, 1-3 march, 2013, Bitola, Macedonia.
23. Certificate for delivering the workshop “The use of the guidelines for students practicum”, OSCE, October-November, 2013.Macedonia
24. Сертификат за активно учество на Првата меѓународна конференција „Социо-културни проблеми и современи предизвици“, Филозофски факултет, 18-19 октомври 2013, Тетово, Македонија.
25. Certificate for participated in the finalizing of “The guidelines for conducting practicum assignments for students-future teachers, educators and pedagogues”, OSCE, 1-3 July, 2013, Macedonia.
26. Certificate for participated in the workshop on “School Mediation as an alternative dispute resolution tool in schools”, Forum ZFD, 12-14 April, 2013, Bitola, Macedonia.
27. Letter of appreciation for participation in the workshop on mentoring students of pedagogy, OSCE, 17-19 May 2013, Macedonia.
28. Certificate for participated in the Advanced mediation training for members of the pool of trainers of TCMC and Forum ZFD, 19-21, Dec. 2014, Bitola, Macedonia.
29. Certificate for participated in the conference on “School Mediation”, Forum ZFD, 7 April, 2015, Skopje, Macedonia.
30. Сертификат за учество на Научно-стручна трибина „Компетенциите и професионалниот развој на учителот во 21 век“, Факултет за образовни науки, 3.10.2014 г., Штип, Македонија.
31. Сертификат за учество на научно-стручната кнференција со меѓународен карактер „Состојби предизвици и перспективи на воспитанието и образованието во Република Македонија“, во организација на Советот на Општина Штип, 13.5.2015 г., Штип, Македонија.
32. Certificate for participated in the International scientific conference “Education in the 21 st century-condition and perspectives”, Faculty of educational science, 24-25 Sep, 2015, Stip.

Кандидатката д-р Ирена Китанова има издадено скрипта со наслов „Методика на наставата по македонски јазик за деветгодишно осново образование“ и „Практикум по методика на наставата по македонски јазик за деветгодишно основно образование“ за потребите на студентите на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во коавторство со проф. д-р Блаже Китанов.

Со Одлука од 25.6.2009 год, е ангажирана како член на комисија за уписи на прв циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со член 136 од Законот за високо образование на Република Македонија и членовите 8, 9 и 10 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 31 од 16.5.2014 г.), по деталното разгледување на приложената и доставена документација, Рецензентската комисија констатира дека асистент д-р Ирена Китанова, значително го надминува вкупниот предвиден квантум (НО + НИ + СА) (15 поени од наставно-образовна дејност, 136 од научноистражувачка и 14 од стручно-апликативна дејност) на поени за избор во звањето доцент, остварувајќи вкупно 165 поени.

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна дејност, научноистражувачка, стручно-апликативна и организационо-развојна дејност, Комисијата смета дека д-р Ирена Китанова поседува стручни и наставно-научни квалитети со што ги исполнува условите за избор во соработничко звање доцент од наставно-научната област методика и образование на наставници. Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки **да ја избере кандидатката д-р Ирена Китанова во звањето доцент од областите методика и образование на наставници на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Снежана Јованова-Митковска, член, с. р.**
**Проф. д-р Снежана Мирасчиева, член, с. р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ ЗА Д-Р ИРЕНА КИТАНОВА

| Ред. бр. | НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 2 | Избор во звање асистент | **15** |
| | **ВКУПНО** | **15** |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 3 | Прегледен труд<br>(/останати)<br>Трудови со редни броеви : 6,7,9,10,11,12,14, 16,18,19,20, 24,25,26,27,28,29,30,31,32,33 21X5 | 105 | |
| 4 | Труд со оригинални научни резултати,<br>објавени во научно списание опфатено во<br>(/останати)<br>Трудови со редни броеви 4,5 2X3 | 6 | |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир<br>Трудови со реден број 1,2,3,13,21,22 (во земјава) 6x1=6<br>Трудови со реден број 8,15 (во странството) 2x2=4 | 6 | 4 |
| 9 | Учество на научен собир со реферат<br>Трудови со реден бр. 14,24,32 (во земјава) 3x1=3<br>Трудови со реден број 15,20 (во странство) 2x1,5 = 3 | 3 | 3 |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 8 | |
| 19 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 1 | |
| | **ВКУПНО НИ** | **136** | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | **во земјава** | **во странство** |
| 4 | Стручна монографија 2x3 | 6 | |
| 8 | Учество на стручен собир со реферат<br>(постер/усно)<br>Трудови со реден број 18,19,21,22,23,25.26,27,28,29,30,31<br>12x0,5=6 | 6 | |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија 1x2 | 2 | |
| | **ВКУПНО САОР** | **14** | |
| | **ВКУПНО (НО+НИ+САОР) 15+136+14** | **165** | |